**ЗАПИСНИК**
**од 45-та седница на Советот**
**одржана на 01.10.2012 година**

**Присутни членови на Советот:** м-р Зоран Трајчевски, м-р Милаим Фетаи, акад. Бојан Шоптрајанов, Бранко Радовановиќ, м-р Борис Арсов, Лазо Петрушевски, м-р Методија Јанчески, м-р Васко Петревски, Столе Наумов, Методи Стоименовски, Антонио Јовановски, Селадин Џезаири, Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Совет:** Замир Мехмети (оправдано отсутен), м-р Алма Машовиќ (породилно отсуство).

**Присутни од Стручна служба:** Огнен Неделковски, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска, м-р Драгица Љубевска, Луција Ѓурковиќ и Ружица Бошнакоска - Јотевска.

**Присутни новинари: /**

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски ја отвори 45-та седница на Советот за радиодифузија.

Бидејќи немаше предлози за измена или дополнување на дневиот ред, Советот едногласно, со 13 гласа „за“ го усвои следниот:

**Д н е в е н р е д**

1. Известување од Министерство за финансии со барање за потпишување на договор за отстапување на побарување без надомест.

**Точка 1**

Советот го разгледа Известувањето од Министерство за финансии со барање за потпишување на договор за отстапување на побарување без надомест.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, рече дека во декември 2011 година усвоени се Закони за претварање на побарувањата на РМ по основ на јавни давачки во траен влог. Во таа насока се надоврза на точката од дневен ред и рече дека е потребно Советот да потпише Договор со АД ЕМО Охрид.

Членот на Советот, Лазо Петрушевски, во поглед на АД ЕМО Охрид, рече дека во минатото била солидна и квалитетна компанија, која сега се наоѓа во тешка состојба и додаде дека ќе го поддржи потпишувањето на Договорот.

Советот за радиодифузија на РМ едногласно го прифати предложениот договор за отстапување на побарување без надомест и го овласти Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски во име на Советот да го потпише договорот за отстапување на побарување без надомест.

**Бр. 02-5205/3**
**24.10.2012 година**
**С к о п ј е**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**П р е т с е д а т е л,**
**м-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, с.р.**

**Записникот го водеше,**
**Ружица Бошнакоска Јотевска**

*Изработила: Ружица Бошнакоска Јотевска*
*Одобрил: Огнен Неделковски*